Фото: Маја ЗЛАТЕВСКА



прими четиричлено семејство, би чинело околу 280 евра за десетина дена, слично како и во Грција, но за разлика од таму, пак, продуктите кај нас се поевтини. На пример, поевтини се и јадењето и пиењето, но и овошјето и зеленчукот, а на одредени плажи во Охрид има исти цени како и на плажите во Грција – појаснува Танески.

Во минатата година, пак, според Стопанската комора за туризам, бројот на туристите што летувале надвор, но и во земјава, бил намален поради економската криза. Лани, според проценките на комората, е регистриран за 20 проценти помалку лица што летувале надвор од земјава, но и 10 отсто помалку што летувале во Македонија. Во Грција летуваат дури 70 проценти од лицата што заминуваат на одмор од Македонија, а втора земја е Турција. Општо земено, бројот на странските посетители на Грција во периодот јануари-мај годинава е зголемен за 17 проценти, надминувајќи три и пол милиони туристи.

## Сè повеќе Грци во Македонија

Бројот на грчките туристи во нашата земја бележи голем раст во последните пет години. За разлика од 2009 година, речиси двојно повеќе Грци лани ја посетиле Македонија. Ако во 2009 година во Македонија пристигнале 22.253 илјади Грци, во 2013 година нивниот број бил 46.184 илјади. Големата разлика, според статистиката, првпат се забележува во 2011 година.

### ИЗЛЕЗЕНИ ДОМАШНИ ПАТНИЦИ НА ТРИТЕ ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ: БОГОРОДИЦА, СТАР ДОЈРАН И МЕЃИТЛИЈА

| Број на патници во 2013 година | Прво полугодие од 2014 година | Вкупно минимум потрошени пари |
|---|---|---|

ЈИРГЕН ГРИМ, ПРОФЕСОР ПО КОМУНИКАЦИИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО ВИЕНА

# Известувањето на медиумите за Украина личи на 1914 година

**Известувањето на западните медиуми, не само во врска со авионот туку и за украинската криза воопшто, се заканува да го предизвика ефектот како во 1914 година. Тогаш кризата ескалира со почнување на Првата светска војна, вели професорот**

ИСКРА КОРОВЕШОВСКА



Начинот на кој известуваат западните медиуми во врска со малезискиот авион може да го активира Робеспјер-ефектот, кој е познат од времето на француската револуција во 1789 година кога лидерот на револуцијата беше осуден на смрт во ек на морален бес од страна на поранешни регенти и профитери. Сега шпекулациите за тоа кој е виновен за авионот не престануваат. А веќе секој читател е убеден дека виновни се сепаратистите на чело со Русија. Ова во интервју за „Дневник" го тврди австрискиот професор на студиите по комуникации на државниот универзитет во Виена, Јирген Грим. Реномираниот професор со години го анализирал известувањето на светските водечки медиуми за време на војни и конфликти. Според него, известувањето на западните медиуми, не само во врска со авионот туку и за украинската криза воопшто, се заканува на некој начин да го предизвика ефектот како во 1914 година. Тогаш кризата ескалира со почнување на Првата светска војна.

**Како го коментирате начинот на известување на западните медиуми во врска со малезискиот авион? Како тоа може да влијае врз конфликтот во Украина?**

– Сите весници, онлајн-медиуми ... упатени кон украинската влада. И обете страни, наместо да наоѓаат политичко решение за оваа комплицирана криза, поттикнуваат размислување во насока пријател-непријател и свесно го опструираат смирување... но динамиката на конфликтот излезе од контрола.

Значи, медиумите од најразвиените демократии во светот заборавија на хуманата и на етичката природа на новинарството и се претво...